Архивски број: 08-221/4
08.04.2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-221/1 од 7.2.2024 година поднесена од против Министерството за труд и социјална политика и заменик министерот Енвер Хусејин, за извршена дискриминација врз основа на личен и општествен статус во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 22.3.2024 година го донесе следното

## **МИСЛЕЊЕ**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на личен и општествен статус во областа на работата и работните односи сторена од страна на Министерството за труд и социјална политика и заменик министерот Енвер Хусејин врз .

## **ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација архивирана е претставка бр. 08-221/1 од 7.2.2024 година, поднесена од страна на за сторена дискриминација врз основа на личен и општествен статус во областа на работата и работните односи, од страна на Министерството за труд и социјална политика (во продолжение на текстот: МТСП) и заменик министерот Енвер Хусејин.

Согласно наводите од претставката, подносителката на ден 21.9.2023 година со Решение за изменување на решението број 10-4787/2 од 5.7.2023 година за именување на членови на Комисијата за засновање на посвојување при Министерството за труд и социјална политика, била именувана како нов член на предметната Комисија, како дипломиран социјален работник и вработена во МТСП. Оттука, подносителката наведува дека на 26.1.2024 година од страна на заменик министерот за труд и социјална политика Енвер Хусејин, согласно Решение за овластување на министер бр. 02-1154/1 од 24.1.2024 година, било донесено Решение за изменување на решението број 10-4787/2 од 21.9.2023 година, со кое подносителката на претставката за заштита од дискриминација се разрешува од позицијата член на Комисија за засновање на посвојување при МТСП, при што за нов член на Комисијата за посвојување се именува , дипломиран правник, вработена во МТСП.

Во врска со претходно наведеното, подносителката на претставката истакнува дека без никаков законски основ, образложение и упатство за правно средство е единствена која е разрешена од позицијата член на Комисија за засновање на посвојување од вкупно 15 члена, при што сите од нив се редовно вработени во МТСП и имаат 5 годишен мандат како членови на оваа Комисија.

Во продолжение на претставката е наведено дека подносителката е докажан професионалец од областа на социјалната заштита со работно искуство во МТСП подолго од 25 години, при што смета дека врз неа е извршена директна дискриминација поради фактот што единствена која е разрешена како член на Комисијата за засновање на посвојување без никаков законски основ.

На крајот на претставката, подносителката наведува дека во моментот на поднесувањето на претставката за заштита од дискриминација не можела да преземи правни дејствија поради фактот што во Решението со кое е разрешена не стои упатство за правно средство, поради што се обратила до Државниот управен инспекторат со Барање за вршење на надзор по однос на донесеното решение.

Во прилог на претставката беа доставени и:

- Решение за изменување на решението број 10-4787/2 од 5.7.2023 година, донесено од министерот за труд и социјална политика за изменување на членови на Комисијата за засновање на посвојување при Министерството за труд и социјална политика бр. 10-4787/2 од 29.9.2023 година;
- Решение за изменување на решението број 10-4787/2 од 21.9.2024 година, донесено од министерот за труд и социјална политика за изменување на членови на Комисијата за засновање на посвојување при Министерството за труд и социјална политика бр. 11-4787/3 (11-1314/1) од 26.1.2024 година.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 13.2.2024 година испрати Известување бр. 08-221/2 за произнесување по наводите од претставката до Министерството за труд и социјална политика и заменикот министер Енвер Хусејин.

На ден 28.2.2024 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на Министерството за труд и социјална политика како одговор на претставката заведено под арх. бр. 08-221/3.

Од страна на Министерството наведуваат дека врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, од страна на заменик министерот на Министерството за труд и социјална политика Енвер Хусејин беше донесено Решение број 11-1314/1 од 26.1.2024 година, за изменување на решението 10-4787/2 од 21.9.2023 година со кое подносителката на претставката за заштита од дискриминација (
раководител на одделение за заштита и вработување на лица со попреченост и заштита на стари лица во МТСП, била разрешена како член на Комисијата за засновање на посвојување при МТСП. Во однос на претходно наведената фактичка состојба, од Министерството наведуваат дека од страна на подносителката на претставката била поднесена и иницијатива за вонреден инспекциски надзор до Државниот управен инспекторат. Притоа, од извршениот инспекциски надзор било констатирано дека Решението бр. 11-11/126.1.2024 година било уредно доставено до подносителката на иницијативата, при што инспекторатот утврдил дека во предметното решение недостасува елементот на писмениот управен акт – „правна поука". Оттука, наведено е дека во законскиот рок за изготвување на записникот од страна на Државниот управен инспекторат вило изготвено и доставено решение бр. 11-134/3 од 9.2.2024 година за исправка на решението бр. 11-1314/1 од 26.1.2024 година, со кое на подносителката на иницијативата ѝ е дадена правна поука со можност за редовен правен лек кој може да го искористи против управниот акт. Во врска со претходно наведеното, од страна на Министерството за труд и социјална политика истакнуваат дека Државниот управен инспекторат во записникот од извршен вонреден инспекциски надзор бр. 03-1725 од 15.2.2024 година констатирал дека:
„Не се утврдени неправилности во работењето на субјектот на надзор и согласно член 83 став 5 од Законот за инспекциски надзор, конкретната инспекциска постапка се запира."

Во однос на работното место на подносителката на претставката за заштита од дискриминација, наведено е дека е вработена на работно место Раководител на одделение за заштита и

вработување на лица со попреченост и заштита на стари лица. Притоа, во произнесувањето е истакнато дека членувањето во Комисијата за засновање на посвојување не претставува дел од работните задачи и обврски согласно систематизираното работно место на подносителката. Дополнително на ова, наведено е дека нејзиното именување како член на предметната Комисија е врз основа на нејзиното искуство и образование како дипломиран социјален работник, согласно член 97 од Законот за семејството, во кој е уредено дека член на Комисијата може да биде лице со високо образование и најмалку 5 години работно искуство во областа, при што Комисијата во својот состав треба да има правник, педагог, психолог и социјален работник.

Оттука, од Министерството за труд и социјална политика наведуваат дека бидејќи членувањето во оваа Комисија е надвор од систематизираните работни задачи на членовите, при што именувањето и разрешувањето на членови претставува дискреционо право на министерот. Дополнително е образложено дека членувањето во ваквите комисии не претставува остварување на право кое му следува на вработениот, поради што и членувањето во истите не претставува прекршување или повреда на неговите права од работен однос, со што и ги отфрлаат наводите за извршена дискриминација.

Во однос на дискриминаторскиот основ кој подносителката го навела во претставката за заштита од дискриминација, во произнесувањето истакнуваат дека истата нема приложено факти и докази со кои се укажува на тоа дека ѝ била сторена дискриминација врз основ на личниот и општествен статус, додавајќи дека ваквиот статус е одреден од лична карактеристика која лицето ја има или пак со статусот во општеството кој се смета дека го ужива, а е поврзано со овие свои карактеристики. Во врска со претходно наведеното, од МТСП тврдат дека поради фактот што подносителката воопшто не ги наведува околностите и фактите кои упатуваат на нејзината заштитна карактеристика, како и непостоење на докази и факти за нееднаков третман во однос на остварувањето на правата од работниот однос, ги отфрлаат тврдењата на подносителката за извршена дискриминација врз основ на нејзиниот личен и општествен статус како невистинити, паушално дадени, наведувајќи дека не соодветствуваат со реалната фактичка состојба.

Во прилог на произнесувањето беше доставена и следната документација:

- Решение бр. 11-1314/1 од 26.1.2024 година за изменување на Решение бр. 10-4787/2 од 21.9.2023 година;
- Решение бр. 11-1314/3 од 9.2.2024 година за исправка на Решение бр. 11-1314/1 од 26.1.2024 година за изменување на Решение бр. 10-4787/2 од 21.9.2023 година;
- Записник за извршен инспекциски надзор Ип 1бр. 10-171 од 9.2.2024 година од страна на Државен управен инспекторат.

Земајќи ги предвид наводите во претставката, произнесувањето по истата, како и прибавените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на Министерството за труд и социјална политика и заменик министерот Енвер Хусејин врз , согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите“.*

Комисијата утврди дека во конкретниот случај не станува збор за дискриминација врз основ на личниот и општествен статус на подносителката на претставката, дополнително имајќи го во предвид фактот дека од страна на подносителката не беа конкретизирани и образложени околностите поради кои смета дека врз основа на нејзиниот личен и општествен статус, таа е ставена во понеповолна положба, односно ѝ е попречено некое право во текот на нејзиниот работен однос во споредба со останатите вработени во Министерството за труд и социјална политика.

Имено, согласно член 97-а став 1 од Законот за семејството (Службен весник број 199/2023):

*„(1) Комисијата е составена од 15 члена именувани од министерот за труд и социјална политика."*

Притоа, во Законот за семејството не е подетално уредена постапката за именување и разрешување на членовите на Комисијата за засновање на посвојување која фигурира во рамките на Министерството за труд и социјална политика, со што Комисијата утврди дека станува збор за дискреционо право на министерот во однос на именувањето и разрешувањето на членовите на предметната Комисија, запазувајќи го фактот дека за избор на еден член, потребно е да бидат исполнети условите од член 97-а став 3 од Законот за семејството, односно *„Член на Комисијата може да биде лице кое има високо образование и работно искуство од најмалку пет години во областа."*, и дополнително став 4 од истиот член, кој гласи: *„Комисијата во својот состав мора да има: правник, педагог, психолог и социјален работник, кои работното искуство го стекнале во областа"*. Притоа, Комисијата утврди дека во конкретниот случај, разрешувањето на подносителката од позицијата член на Комисијата за засновање на посвојување во рамките на Министерството за труд и социјална политика не претставува дискриминаторско дејствие кое е извршено врз основ на личниот и општествен статус на подносителката, односно дека именувањето и разрешувањето на членови на предметната комисија претставува дискреционо право на министерот.

Оттука, имајќи ја предвид законската дефиниција, Комисијата не пронајде дека била сторена дискриминација врз основ на личен и општествен статус во областа на работата и работните односи од страна на Министерството за труд и социјална политика и заменик министерот Енвер Хусејин врз

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став (1) од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Скопје
8.4.2024

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:

- 
- Министерство за труд и социјална политика, ул. „Даме Груев" бр. 17, 1000 Скопје